Македонско Друштво "Илинден" - Тирана
Shoqata Maqedonase "Ilinden" - Tiranë

# ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА



Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ГОДИНА XI БРОЈ 48 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 ЈАНУАРИ/ФЕВРУАРИ 2022 Година

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

Во овој број

**Страница 2**
СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАНА ДЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД ИЗЛЕГУВАЊЕТО НА ПРВИОТ БРОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК “ИЛИНДЕН“

**Страница 3**
ОБРАЌАЊЕ НА НИКОЛА ЃУРЃАЈ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА И УРЕДНИК НА МАКЕДОНСКИ ВЕСНИК “ИЛИНДЕН” ПО ПОВОД ДЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД ПРВИОТ БРОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК “ИЛИНДЕН“

**Страница 4**
ЛИНДИТА НИКОЛА МАКЕДОНСКА СНАА НОВАТА ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА АЛБАНСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

РЕАКЦИЈА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА НА ОБИДОТ ЗА БУГАРИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГОЛО БРДО

**Страница 5**
МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА: СОФИЈА СЕ ОБИДУВА ВЕШТАЧКИ ДА ПРИКАЖЕ БУГАРИ ВО ГОЛО БРДО

НИКОЛА ЃУРЃАЈ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА И УРЕДНИК НА ВЕСНИКОТ “ИЛИНДЕН“ ОСТВАРИ СРЕДБА СО МАКЕДОНСКИОТ АМБАСАДОР, ДАНЧО МАРКОВСКИ

ФАТРИ ФЕТАХУ СЕ ИМЕНУВА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ, УЛИ ХАЛИЛАЈ СЕ ИМЕНУВА ЗА ПОДПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ОГРАНОК ГОЛО БРДО

**Страница 6**
ДОНАЦИЈА ОД МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ЗА МАКЕДОНСКИОТ КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР ВО ТИРАНА

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ДОБИ ВЕРСКИ КАЛЕНДАРИ ОД МПЦ-ОА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

**Страница 7**
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ УЧЕСТУВАШЕ НА ИНТЕРНЕТ ЗАСЕДАНИЕТО НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИ НАЦИОНАЛНОСТ

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ДОБИ ИТ ОПРЕМА ОД „ДОНИРАЈ КОМПЈУТЕР“

**Страница 8**
МАКЕДОНСКИОТ АМБАСАДОР, ДАНЧО МАРКОВСКИ ПОБАРАЛ ОД МИНИСТЕРОТ БЛЕДИ ЧУЧИ ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ЏЕПИШТЕ – ТРЕБИШТЕ, ОБЛАСТА ГОЛО БРДО ДА ФУНЦИОНИРА 24 ЧАС

ЗАПОЧНА ПОСТАПКАТА ЗА ОТВОРАЊЕ ЛЕКТОРАТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО КОРЧА

**Страница 9**
INTERVISTË EKSKLUZIVE PËR GAZETËN MAQEDOASE “ILINDEN”: MARINKO CULAFIC, KRYETAR I SHOQATËS SË KOMUNITETIT MALAZEZ NË SHQIPËRI

**Страница 10**
МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО АЛБАНИЈА СЕКОГАШ БИЛО НАДАРЕНО СО ПОЕТСКА ДАРБА. ОВОЈ ПАТ ЈА ПРЕНЕСУВАМЕ ПЕСНАТА „МАКЕДОНИЈА“ НАПИШАНА ОД АНТОНИО ЦЕЛИЛИ, ЕЛБАСАН

## Почитувани Македонци и Македонки, во името на Македонско друштво “Илинден”-Тирана ви честитаме Раѓањето Христово- Божик. Нека е честит празникот и за многу години. Христос се роди! Навистина се роди!




**Të dashur Maqedonase dhe Maqedonas, në emër të Shoqatës Maqedonase “Ilinden”-Tiranë, ju urojmë Gëzuar Krishtlindjet. Gëzuar festën dhe për shumë vite. Krishti lindi! Vërtetë lindi!**

## СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАНА ДЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД ИЗЛЕГУВАЊЕТО НА ПРВИОТ БРОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК “ИЛИНДЕН“



Во Тирана свечено беше одбележан десетгодшниот јубилеј на македонскиот весник “Илинден“, на кој се обрати главниот и одговорен уредник, Никола Ѓурѓај.Одбележуваме значаен јубилеј за македонското население во Република Албанија. Имено, пред точно десет години, на први март 2011 година како двоброј (март/април) беше испечатен првиот број од македонскиот весник “Илинден“ како гласило на Македонското друштво “Илинден“-Тирана. Поради пандемијата, одбележувањето на настанот не можеше да се одржи во март, но затоа пак на него потсетуваме денес, рече Ѓурѓај. Оцени дека во изминатата деценија, весникот предизвикал голем интерес кај „македонската читателска публика во Република Албанија, во татковината Македонија како и меѓу македонската дијаспора во светот“. Според бројните дописи кои пристигнуваат на електронската адреса на Редакцијата на весникот “Илинден“ како и комуникацијата преку профилите на весникот на социјалните мрежи со читателите, забележуваме дека во десетгодишниот период весникот прерасна во сериозен медиум од чии вести и теми се напојуваат сè поголем број на корисници од македонското национално малцинство во Република Албанија, рече тој. Македонскиот весник “Илинден” досега има испечатено 47 изданија, а почнувајќи од март 2017 година, покрај печатената верзија весникот може да се следи и преку своето интернет-издание: www.vesnik-ilinden.com На тој начин нашиот весник стана достапен за целокупната јавност, како за сите Македонци во Албанија, регионот и цел свет. Исто така, од септември 2017 година, весникот е стандардизиран според меѓународните норми за печатени и електронски периодични списанија со ISSN 2522-6282 (online) и ISSN 2522-4514 (print) и дел од двата најголеми читачи на вести и клиентска датотека во Македонија: grid.mk и daily.mk. посочи Ѓурѓај. Во исто време весникот е достапен во Националната Библиотка во Тирана, во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје, како и во Библотеката на Македонската академија на науките и уметностите. Мисијата на нашиот весник беше и останува да го поттикнува и одржува во континуитет македонскиот јазик и идентитет во Република Албанија. Остануваме со вербата дека нашите активности ќе бидат соодветно поддржани од државните институции на Албанија и на Македонија, како и од Македонците ширум светот. Во измнатиот период весникот дава голем придонес во евидентирањето и надминувањето на голем број прашања од интерес на Македонците и континуирано работи на заштита и афирмација на Македонците во Република Албанија.

Вредно е да се спомне дека многу од македонските и светските информативни гласила користат податоци објавени во весникот “Илинден“. На тој начин, за многу значајни настани од животот на Македонците во Албанија, се информира пошироката светска јавност, посочи Ѓурѓај. Од име на редакцијата на весникот „Илинден” тој им се заблагодари на сите свои соработници, кои несебично помогнале во ципирање на тематската и визуелната содржина на весникот, особено за компјутерската обработка на Тримакс – Скопје, како и на печатницата Абази – Тирана. Посебно благодарност сакам да упатам до Бил Николов, претседател на Македонското меѓународно движење за човекови права од Канада што овозможува весникот “Илинден“ да стане глас на Македонците во Република Албанија. Благодарност секако и до верната читателска публика, која со покажаниот интерес кон содржините што ги понуди весникот “Илинден“ покажа дека со објавуваните информации навистина ја допре сржта на проблемите на Македонците во Албанија. Македонскиот весник “Илинден” денес свчено ја прославува својата десетгодишна работа и постоење, а за неговото значење оставаме повеќе да каже историјата, го заврши своето обраќање уредникот Ѓурѓај. Свеченоста се одржа во “Реја“ пављон на галеријата „Сепрентине“ кој во 2013 година е проектиран од Соу Фујмното, познат јапонски архитект и се наоѓа во ценатрот на Тирана. На настанот присуствуваше Сашко Ташулов, советник во македонската амбасада во Тирана, Лаурентиу Стинга, шеф на политичката канцеларија на мисијата на ОСБЕ во Тирана, Алексеј Самсонов, советник во руската амбасада, Роберт Гајда, албански комесар за заштита од дискриминација, Сед Казанџиу, заменик претседател на владиниот комитет за национални малцинства, претставници на здруженија на малцинствата во Република Албанија, потоа Илинден Спасе, син на Стерјо Спасе еден од најпознатите албански писатели со македонско потекло, Васил Стерјовски, претседател на македонска партија, МАЕИ, Алтин Тола, амдинистратор на административна единица – Острени, област Голо Брдо, како и претстаници на друштвото “Илинден“ и други гости.

## ОБРАЌАЊЕ НА НИКОЛА ЃУРЃАЈ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА И УРЕДНИК НА МАКЕДОНСКИ ВЕСНИК "ИЛИНДЕН" ПО ПОВОД ДЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД ПРВИОТ БРОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК "ИЛИНДЕН"

Добар ден почитувани пријатели,

Во оваа пригода, посебна чест ми претставува да ги поздравам:

Почитуваниот господин Сашко Ташулов, Министер советник во Амбасада на Република Македонија во Тирана, Република Албанија

Почитуваниот господин Лаурентиу Стинга, шеф на политичката канцеларија на присуството на ОСБЕ во Тирана, Република Албанија

Почитуваниот господин Алексеј Самсонов, советник во Амбасадата на Руска Федерација во Тирана, Република Албанија

Почитуваниот господин Роберт Гајда, комесар за заштита од дискриминација на Република Албанија

Почитуваниот господин Сед Казанџиу, заменик претседател на Комитетот за национални малцинства во Република Албанија

Почитуваниот господин Алтин Тола, Амдинистратор на административна единица – Острени, областа Голо Брдо

Почитуваниот господин Маринко Чулафиќ, претседател на Црногорската заедница во Република Албанија

Почитуваната госпоѓа Елса Целили, координатор на Македонското друштво "Илинден"-Тирана за Округот Елбасан

Почитувани гости,
Дами и господа,
Драги пријатели,

Денес одбележуваме значаен јубилеј за македонското население во Република Албанија. Имено, пред точно десет години, на 1. март 2011 година како двоброј (март/април) беше испечатен првиот број од македонскиот весник "Илинден" како гласило на Македонското друштво „Илинден"- Тирана. Поради пандемијата, одбележувањето на настанот не можеше да се одржи во март, но затоа пак на него потсетуваме денес. Изминативе десет години, весникот предизвика голем интерес кај македонската читателска публика во Република Албанија, во татковината Македонија како и меѓу македонската дијаспора во светот. Според бројните дописи кои пристигнуваат на електронската адреса на Редакцијата на весникот "Илинден" како и комуникацијата преку профилите на весникот на социјалните мрежи со читателите, забележуваме дека во десетгодишниот период весникот прерасна во сериозен медиум од чии вести и теми се напојуваат сè поголем број на корисници од македонското национално малцинство во Република Албанија. Македонскиот весник "Илинден" досега има испечатено 47 изданија, а почнувајќи од март 2017 година, покрај печатената верзија весникот може да се следи и преку своето интернет-издание: www.vesnik-ilinden.com На тој начин нашиот весник стана достапен за целокупната јавност, како за сите Македонци во Албанија, регионот и цел свет. Исто така, од септември 2017 година, македонскиот весник "Илинден" е стандардизиран според меѓународните норми за печатени и електронски периодични списанија со ISSN 2522-6282 (online) и ISSN 2522-4514 (print) и дел од двата најголеми читачи на вести и клиентска датотека во Македонија: grid.mk и daily.mk Македонскиот весник "Илинден" исто време е достапен во Националната Библотка во Тирана, во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје, како и во Библиотеката на Македонската академија на науките и уметностите. Мисијата на нашиот весник беше и останува да го поттикнува и одржува во континуитет македонскиот јазик и идентитет во Република Албанија. Остануваме со вербата дека нашите активности ќе бидат соодветно поддржани од државните институции на Албанија и на Македонија, како и од Македонците ширум светот. Од тогаш до денес, весникот "Илинден" дава голем придонес во евидентирањето и надминувањето на голем број прашања од интерес на Македонците во Република Албанија и континуирано работи на заштита и афирмација на македонскиот етнички, јазичен и културен идентитет и националните традиции на Македонците во Република Албанија. Вредно е да се спомне дека многу од македонските и светските информативни гласила користат податоци објавени во весникот "Илинден". На тој начин, за многу значајни настани од животот на Македонците во Албанија, се информира поширока светска јавност. И да не должам. Во оваа прилика, од име на редакцијата на весникот "Илинден" им се заблагодарувам на сите свои соработници, кои несебично помогнаа во конципирање на тематската и визуелната содржина на весникот, особено за компјутерската обработка на Тримакс – Скопје, како и на печатницата Абази – Тирана. Посебно благодарност до г-дин Бил Николов, претседател на Македонското меѓународно движење за човекови права од Канада што овозможува весникот "Илинден" да стане глас на Македонците во Република Албанија Воедно, Редакцијата се заблагодарува и на верната читателска публика, која со покажаниот интерес кон содржините што ги понуди весникот "Илинден", покажа дека со објавуваните информации навистина ја допре срцта на проблемите на Македонците во Албанија. Македонскиот весник "Илинден"денес ја прославува својата десетгодишна работа и постоење, а за неговото значење оставаме повеќе да каже историјата.

Ви благодарам што сте денес со нас и за Вашето внимание.

## ЛИНДИТА НИКОЛА МАКЕДОНСКА СНАА НОВАТА ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА АЛБАНСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



Линдита Никола е новиот претседател на Албанскиот парламент. Веста во Собранието на Социјалистичката партија ја објави самиот премиер Еди Рама. Тој рече дека Никола ќе го замени досегашниот претседател Грамоз Ручи. Рама не штедеше пофалби за г-ѓа Никола. Линдита Никола е македонска снаа која го зборува и македонскиот јазик. За јавноста ќе кажеме дека Линдита Никола е родена во Тирана, на 22 октомври 1965 година. Во 1989 година ги завршила студии на Факултетот за науки и природа, отсек математика на Универзитетот во Тирана. На истиот Универзитет во јули 2010 год. магистрирала на отсекот Јавна администрација, насока Централна власт. Со политиката се занимава од 2003 година, кога во периодот 2003-2007 е избрана како советник во Советот од на Општина број 1 Тирана. Во два мандата (во периодот 2007-2011 и 2011-2013 год), госпоѓа Никола беше градоначалник на Општина број 1 во Тирана. На изборите од 23 јуни 2013 год. таа беше избрана за пратеник во Собранието на Република Албанија од Тирана. Во периодот од септември 2013 до ма ј2017 год. ја извршува функцијата министер за образование и спорт. На изборите во јуни 2017 год. беше избрана за пратеник во Лежа. Од септември 2017 година, госпоѓа Никола станува член на извршниот комитет на Социјалистичката партија. Нејзината професионална биографија говори дека во меѓувреме, во 2006 година таа има завршено Академија за владдеење и реформа во Институтот за демократија и поврзување (ИДП) во Тирана, додека во јуни 2008 година има завршено Академија на комунитарна колиција и владеење на Универзитетот во Питсбургер, САД. Приватоста на госпоѓа Никола говори дека таа мажена за проф, д-р Лигор Никола и е мајка на една ќерка. Инаку, нејзиниот сопруг Лигор Никола родум е од село Врница, областа Голо Брдо. Моментално е декан на Факултет за математичко инженерство и физика во Тирана.

## РЕАКЦИЈА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА НА ОБИДОТ ЗА БУГАРИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГОЛО БРДО




Деновите пред новогодишните празници од страна на бугарските пропагандисти во Република Албанија, беа искористени за нов обид за барање на Бугари во селата во Голо Брдо. Имено, конзулот на бугарската Амбасада во Република Албанија делел новогодишни пакетчиња на учениците од школото "Елез Кочи" во Мало Острени и на учениците во школото "10 покојници" во Требиште, област Голо Брдо. На ваквите активности од страна на Македонците во Голо Брдо е остро реагирано, а бројни реакции пристигнаа и до Македонско друштво "Илинден"-Тирана. Во нив се вели дека подла и необјаснива е акцијата на Бугарската амбасада во Тирана, која делењето на новогодишни пакети на учениците од школото "Елез Кочи" во Мало Острени и на учениците во школото "10 покојници" во Требиште, во областа Голо Брдо претставува уште еден акт за пропагандни цели од страна на претставниците на бугарската амбасада. Според реакциите на жителите на селата Острени и Требиште, со ваквата активност насочена директно кон учениците на училишта во селата во Голо Брдо, се скрнави и историската вистина дека во мугрите на 4 март 1916 година, томку бугарските сили за време на бугарската окупација на Голо Брдо, ги заробиле Елез Кочи и Ќазим Дука од селото Големо Острени и после брутално мачеше живи ги закопале во близина на реката во село Верница, Голо Брдо. Кога се има предвид дека едно од училиштата каде Бугарската амбасада ги делела пакетчињата на Македончињата го носи името на Елез Кочи, крвнички убиен од бугарските крвници, јасна е пораката дека Бугарите сакаат да им порачаат на младите генерации Македонци од Голо Брдо дека тие треба да си ја заборават историјата и жртвите од бугарските ѕверства. Ваквата постапка на Бугарската амбасада, според Македонците во Голо Брдо, е недозволива и не смее да се повтори. Македонско друштво "Илинден"-Тирана и весникот "Илинден", како репрезенти на Македонците од Албанија се солидаризираат со бројните реакции на македонското население во Голо Брдо. Воедно, сметаме за потребно на светската јавност да ѝ ја пренесеме пораката на Македонците од Голо Брдо во која јасно се отсликува македонското чувство на Македонците од Голо Брдо, од кои беше побарано да признае дека е бугарско. Македонците во Република Албанија говорат дека отсекогаш биле Македонци и никогаш нема да бидат Бугари! Меѓутоа, ниту теа јасно декларирање на Македонците во Албанија, не ја запре крајно подлата намера на Бугарската амбасада да ја замајува светската јавност дек Македонците се Бугари, а со ефтина пропагандистичка акција да се обидува на македонските деца со новогодишни пакетчиња да се обиде да им ја избрише меморијата за крвничките Бугари кои ги убивале патриотите како Елез Кочи и Ќазим Дука.

## МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА: СОФИЈА СЕ ОБИДУВА ВЕШТАЧКИ ДА ПРИКАЖЕ БУГАРИ ВО ГОЛО БРДО




Единствената партија на Македонците во Албанија, Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ) реагираше во врска со, како што наведе, „последното однесување на бугарската Амбасада во Тирана, со цел вештачко прикажување на Бугари во областа Голо Брдо”. Партијата Македонска алијанса за европска интеграција, го осудува однесувањето на бугарската Амбасада во Тирана, која во пресрет на новогодишните празници им дели подароци за пропагандни цели на учениците од гимназијата “Елез Кочи” во Острени и училиштето “10 покојници” во Требиште, во областа Голо Брдо, претставувајќи ги како бугарски ученици, се наведува во партиската реакција. МАЕИ додава дека во областа Голо Брдо немало и нема бугарско малцинство, туку со векови тука живеат само Македонци, кои се горди на тоа. Трајно се врежани во меморијата на жителите на Голо Брдо, бугарските злосторства за време на окупацијата на областа на Голо Брдо од страна на Бугарија во Првата светска војна. Елез Кочи, чие име денес го носи средното училиште во Острени, бил убиен во 1916 година од страна на бугарската војска, која жив го закопала кај реката во селото Врница во Голо Брдо, се наведува во реакцијата. Жителите на областа Голо Брдо, се потенцира во партиската реакција, очекуваат официјално извинување од Бугарија за злосторствата извршени за време на Првата светска војна. Однесувањето на бугарската Амбасада во Тирана, која ја користи сиромаштијата во областите каде што живее македонската заедница во Албанија, прикажувајќи ја како бугарска заедница, е примитивна перверзија и историско искривување на вистината, констатира МАЕИ во реакцијата.

## НИКОЛА ЃУРЃАЈ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА И УРЕДНИК НА ВЕСНИКОТ “ИЛИНДЕН“ ОСТВАРИ СРЕДБА СО МАКЕДОНСКИОТ АМБАСАДОР, ДАНЧО МАРКОВСКИ

Претседателот на Македонско друштво “Илинден”-Тирана и уредник на весникот “Илинден“ Никола Ѓурѓај оствари средба со Македонскиот амбасадор, Данчо Марковски во амбасадата во Тирана. Имавме срдечна срдба со амбасадорот Марковски. На средбата посебен акцент беше ставен на неодамнешното свечено одблежување на 10-годишнината од излегувањето од печат на првото издание на весникот “Илинден“. Имав чест и големо задоволство да му врачам врамен постер од одбележувањето. Од своја страна Марковски го честитал јубилејот, посакал уште многу јубилеи и ветил поддршка во рамки на надлежностите и можностите. Разменивме мислења околу тоа весникот да биде попрофесионален и секако неизбежно за положбата на Македонците. Исто така го запознав и со активностите на друштвото кое со години е активен субјект меѓу македонската заедница во Албанија. Многу отворено и искрено разговаравме за можни активности кои би помогнале за надминување на проблемите на Македонците во Албанија на повеќе полиња, вели Ѓурѓај. Амбасадорот, додава тој, во опсегот на надлежностите, искажа подготвеност да помогне за подобрување и унапредување на малцинските права на Македонците во Албанија. Со надеж дека амбасадорот Марковски сесрдно ќе помогне во подобрување на положбата на Македонците во Албанија, топло се заблагодарив за срдечната средба и посакав истите да бидат почести, нагласува Ѓурѓај.



## ФАТРИ ФЕТАХУ СЕ ИМЕНУВА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ, УЛИ ХАЛИЛАЈ СЕ ИМЕНУВА ЗА ПОДПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“- ОГРАНОК ГОЛО БРДО

Дипломираниот економист, Фатри Фетаху е новиот претседател на огранокот за Голо Брдо на македонското друштво “Илинден“-Тирана, со мандат од четири години, 2021 – 2025 година. Одлука за тоа донесе претседателот на друштвото, Никола Ѓурѓај, врз основа на Статутот и согласно неговите надлежности како прв човек на друштвото. Фетаху е член на друштвото е од 2015 година, од кога активно учествува во сите настани на македонското национално малцинство во областа Голо Брдо. Од 2019 до сега беше потпретседател на огранок а во исто време се јавува и како дописник на македонскиот весник “Илинден“. За својата ангажираност Фетаху, во 2016 година, беше добитник на благодарница “Илинден“. Дваесет и петгодишниот Фетаху е роден во село Требиште, област Голо Брдо, каде што е со постојано место на живеење. Како македонски стипендист дипломирал на Економскиот факултет во Прилеп. За потпретседател на огранокот е наименуван Или Халилај, исто така од Требиште, член на друштвото е од




2015 година и голем активист на македонско национално малцинство во областа Голо Брдо. За неговата активност во друштвото и надвор од него, а во полза на македонската кауза во Албанија, во 2011 година му беше доделено признанието благодарница "Илинден", рече Ѓурѓај. Посочува дека огранок за Голо Брдо ќе продолжи со зацртаните активности во интрес на Македонците од оваа област. Претседателството и членовите на огранокот за областа Голо Брдо ќе продолжат да работат на заштита на етничкиот, јазичниот, културниот и верскиот идентитет на македонското национално малцинство во областа Голо Брдо и унапредување на положбата на Македонците во областа, посочува тој. Областа Голо Брдо, на албанско-македонската граница, во близина на Дебар ја сочинуваат 22 населени места, од кои 18 се населени со Македонци а останатите четири се со мешано население, Македонци и Албанци.

## ДОНАЦИЈА ОД МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ЗА МАКЕДОНСКИОТ КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР ВО ТИРАНА



Претседателот на македонското друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај, кој во исто време е и главен и одговорен уредник на истоимениот весник, беше во посета на македонскиот културно-информативен центар во Тирана. Имаше срдечна средба со директорот на центарот, Златко Ориѓански. При тоа, Ѓурѓај му ја честита функцијата и посебно му го пренесов задоволството, од име на Македонците во Албанија за отворањето на оваа институција, што беше нивен сон кој конечно се реализира. Ѓурѓај истакна дека повод за посетата на Центарот била донацијата од Друштвото, која меѓу другото се состои од по еден примерок од сите 47 изданија на македонскиот весник "Илинден", кој годинава одбележа десет години од првиот број. Потоа пет примероци од брошурата во која се содржани резолуциите предложени од Македонско друштво "Илинден"-Тирана. а изгласани од Федералната Унија на европските националности (ФУЕН) печатена на три јазици, македонски, албански и англиски. Исто така доставивме и по пет примероци од разгледницата „Народни носии на Македонците во Албанија" отпечатена на македонски и албански јазик, додава Ѓурѓај. Посочува дека го информирал својот домаќин за целите на Друштвото, кое е формирано на 6 февруари 2009 година од група граѓани со македонско потекло, за заштита на македонското национално малцинство на целата територија на Република Албанија. Го информира дека основни задачи на Друштвото се заштитата и афирмацијата на македонскиот етнички, јазичен, културен, верски, историски и државен идентитет, континуитет и наследство на Македонците, како и интеграцијата на Македонците во политичкиот систем и институциите на локално и централно ниво во Република Албанија. Искажан бил заеднички став за поголема соработка меѓу Друштвото и Центарот.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ДОБИ ВЕРСКИ КАЛЕНДАРИ ОД МПЦ-ОА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА



Македонското друштво "Илинден"-Тирана доби верски календари за 2022 господово лето, кои бесплатно ќе бидат распределени на Македонците во Албанија, информираше за Македонски весник "Илинден", Никола Ѓурѓај претседател на Друштвото. Во име на Друштвото и на Македонците, тој искажува голема благодарност до Македонската православна црква – Охридска Архиепископија и архиепископот г.г. Стефан што и годинава доделува одреден број верски календари за кои постои се поголем интерес меѓу Македонците. Како Друштво, веќе неколку години по ред, добиваме бесплатни верски календари од МПЦ-ОА, кои потоа им се распределуваат на Македонци во Албанија. Од мое лично име, од име на друштвото и на Македонците искажувам голема благодарност за МПЦ – ОА на поглаварот г.г. Стефан за покажаната добра волја да им подари на Македонците од Албанија дел од своите верски календари, рече Ѓурѓај. Додава дека интересот меѓу Македонците од година во година е се поголем и посочува дека календарите веќе се достапни, а за да се добие календар треба само да се контактира со Друштвото.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ УЧЕСТУВАШЕ НА ИНТЕРНЕТ ЗАСЕДАНИЕТО НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИ НАЦИОНАЛНОСТ



Во 11.09.2021 година се одржа Собранието на делегатите на ФУЕН 2021 година во Трст, Италија. Покрај другите, во работа на состнокот учествуваше и претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, г-дин Никола Ѓурѓај. Македонското друштво "Илинден"-Тирана како членка на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН), истовремено е и дел на работната група на словенските малцинства во ФУЕН. Македонско друштво "Илинден"-Тирана е член на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН) од 16. мај 2015 година и дел од Работната група на словенските малцинства при ФУЕН. Г-дин Никола Ѓурѓај е задоволен од досегашната соработка и ефектот од членството на Македонско друштво "Илинден"-Тирана во ФЕУН и се надева на идни уште поголеми заеднички успеси во зачувувањето на македонскиот идентитет и ентитет во Албанија. Ова беше извонреден период кој бараше извонредни напори и флексибилност во нашата организација – вели во својот годишен извештај претседателот на ФУЕН, Лорант Винце, на Собранието на делегатите на ФУЕН 2021 година, во саботата во Трст/, Италија. Потпретседателите Госта Тофт, Владимир Хам, Ангелика Млинар, Халит Хабип Оглу, Бахне Бансен, Даниел Алфрајдер ги презентираа своите извештаи за активностите на Собранието. Генералниот секретар Ава Пензес го пофали тимот на ФУЕН за нивните успешни напори во преобликувањето на активностите на организацијата, членовите на Президиумот за добрата соработка и им се заблагодари на организациите -членки и организаторите на Конгресот. Говорниците на работните групи, исто така, ги презентираа своите извештаи за активност, Бахен Бансен го презентираше Финансискиот извештај, додека правниот експерт на МСПИ, Томас Хибер, зборуваше за причините поради кои Граѓанскиот комитет и ФУЕН поднесоа барање за поништување на одлуката на Европската комисија за Малцинскиот безбедносен пакет Иницијатива.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ДОБИ ИТ ОПРЕМА ОД „ДОНИРАЈ КОМПЈУТЕР"




Неколку години по ред, вниманието на македонската и светската јавност го привлекува една акција наречена „Донирај компјутер". Тоа е самоиницијативна акција од г-динот Борче Стаменов од Кавадрци за прибирање половни компјутери, нивно репарирање и донирање на граѓани од ранлива категорија. Акцијата беше започната во 2016 година и до сега има донирано 1240 компјутери на семејства низ цела Македонија. Оваа акција беше од голема полза за децата од ранливите категории во периодот кога училишните обврски се одвиваа преку интернет. Во тој период, „Донирај компјутер" и Борче Стаменов им помогнаа на десетици деца да не изостануаат од часовите поради недостаток на компјутер. За прв пат „Донирај компјутер" донираше ИТ опрема за потребите на Македонско друштво "Илинден"-Тирана. Со оглед на тоа што централната канцеларија на Македонско друштво "Илинден"-Тирана смета дека ова опрема е многу покорисна за огранкот на Друштвото во областа Голо Брдо. „Донирај компјутер", согласно потребите, во иднина ќе продолжи со овој тренд на донирање ИТ опрема за Македонско друштво "Илинден"-Тирана. Македонско друштво "Илинден"-Тирана упатува јавна благодарност до г-дин Борче Стаменов за донацијата. Во ова прилка нашето Друштво апелира до сите што можат да ја поддржат ова прекрасна самоиницијатива и да донираат компјутер.

## МАКЕДОНСКИОТ АМБАСАДОР, ДАНЧО МАРКОВСКИ ПОБАРАЛ ОД МИНИСТЕРОТ БЛЕДИ ЧУЧИ ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ЏЕПИШТЕ – ТРЕБИШТЕ, ОБЛАСТА ГОЛО БРДО ДА ФУНЦИОНИРА 24 ЧАС



Македонскиот амбасадор во Тирана, Данчо Марковски, вчера попладне оствари работна средба со албанскиот министер за внатрешни работи Бледи Чучи, информираа од Амбасадата. На средбата беше потврдена добрата соработка помеѓу министерства за внатрешни работи на двете земји, како и заложбата за натамошно проширување на соработката на повеќе полиња, а со цел заштита на мирот и безбедноста на нашите граѓани, додаваат од Амбасадата. Двајцата соговорници истакнале дека во наредниот период очекуваат имплементирање на проектот One Stop Shop, со која се минимилизираат граничните процедури како за луѓето така и за бизнисите. Договорот за тоа Албанскиот парламент го ратификува на 25 минатиот месец, а беше потпишан и од претседателот Илир Мета. Со него се предвидува на сите гранични премини на македонско – албанската граница да има само по еден контролен шалтер. Амбасадарот Марковски, побарал од министерот Чучи да биде разгледена можноста граничниот премин Џепиште – Требиште, областа Голо Брдо кој е од локален карактер, да почне да фунционира 24 часа. Најавена е наскоро билатерална средба на министерствата за внатрешни работи на двете земји.

## ЗАПОЧНА ПОСТАПКАТА ЗА ОТВОРАЊЕ ЛЕКТОРАТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО КОРЧА



Во рамки на програмските активности на македонската амбасада во Тирана, кои се однесуваат на културната и јавна дипломатија, во Корча беше реализирана работна средба меѓу деканите на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола и Филолошкиот факултет при Универзитетот „Фан Стилјан Ноли“ од Корча, информираа од амбасадата. Цел на состанокот беше воспоставување непосредна соработка меѓу двата факултета насочена кон отворање на Лекторат за македонски јазик, како и области од научната и образовната проблематика. На средбата од македонска страна учествуваа деканот, проф. д-р Добри Петровски и проф. д-р Виолета Јанушева, а од албанска страна деканот, проф. д-р Јонела Спахо придружувана од продеканот за меѓународна соработка проф. д-р Ерион Ага, стои во објавата на амбасадата. Се додава дека учесниците ја поздравија иницијативата на амбасадорот Данчо Марковски за отворање на лекторат за македонски јазик, за што деканот Јонела информирала дека постои целосна согласност. Во таа насока била изразена подготвеност за целосна поддршка во смисла на обезбедување простор и кадровска поддршка. Изучувањето на македонскиот јазик на Универзитетот ќе има големо значење не само во делот на македонското национално малцинство, а лекторатот ќе претставува сериозна алатка во промовирањето на јавната и културната дипломатија на Македонија во албанските средини, додаваат од амбасадата. Како претставник на македонското национално малцинство во Република Албанија, на средбата присуствувал и Васил Стерјовски, лидер на македонската партија, Македонска алијанса за европска интеграција и поранешен пратеник во Албанскиот парламент.

## INTERVISTË EKSKLUZIVE PËR GAZETËN MAQEDOASE "ILINDEN": MARINKO CULAFIC, KRYETAR I SHOQATËS SË KOMUNITETIT MALAZEZ NË SHQIPËRI

**Gazeta maqedonase "Ilinden": Zoti Marinko Culafic, ju lutemi prezantohuni para lexuesve tanë.**

Unë jam djali i një emigranti politik jugosllav i ardhur në Shqipëri pas Luftës së 2-të Botërore. Historia e familjes time është një kalvar vuajtjesh dhe persekutimesh që e kanë zanafillën që nga pushtimi fashist i Malit të Zi e deri në vendosjen përfundimtare në qytetin e Elbasanit në vitin 1953. Vetë jam lindur dhe rritur në këtë qytet, ndërsa studimet e larta i kam kryer në Universitetin "Luigj Gurakuqi" të qytetit të Shkodrës, në degën histori-gjeografi. Pasi punova për 2 vite mësues, u largova në emigracion në Greqi si edhe shumë të tjerë në ato vite të vështira të ndërrimit të sistemeve. Vitet e para kam punuar në ndërtim si bojaxhi, dhe me lindjen e internetit dalëngadalë sëbashku me bashkëshorten filluam të merremi me përkthime nga anglishtja dhe greqishtja në gjuhën shqipe. Me kthimin nga emigracioni në vitin 2011, fillova të bëhem pjesë aktive në mbrojtje të të drejtave të minoritetit malazez, fillimisht si anëtar i Asamblesë të shoqatës "Alba-Montenegro" në Shkodër dhe më pas si kryetar i shoqatës "Komuniteti malazez në Shqipëri", shoqatë e cila u krijua menjëherë pas aprovimit të Ligjit të ri për Mbrojtjen e Pakicave Kombëtare. Jam babai i dy fëmijëve, Dejanit që aktualisht studion në Universitetin "Epoka" në degën e "Shkencave politike dhe Marrëdhënieve Ndërkombëtare" dhe Lidias që vazhdon arsimin 9-vjeçar.

**Gazeta maqedonase "Ilinden": Lexuesit tanë jenë të interesuar të përshkruani historinë e komunitetit malazez në Republikën e Shqipërisë.**



Familjet me origjinë malazeze kanë ardhur në territorin e Shqipërisë në periudha të ndryshme të historisë. Përjashtim këtu bëjnë malazezët e Shkodrës të cilët jetojnë në këtë qark që nga mesjeta e hershme dhe janë të vendosur kryesisht në qytetin e Shkodrës, në Vrakë, Koplik, Dobraç etj. Historikisht është bërë një përpjekje për asimilimin e tyre në këtë zonë dhe kjo vihet re edhe nga mungesa e emrave dhe mbiemrave sllavë që kishin dikur këto familje. Por gjithësesi shumica e tyre i kanë ruajtur me fanatizën gjuhën dhe traditat shekullore malazeze. E kundërta ndodhi me emigrantët politikë të ardhur kryesisht pas Luftës së 2-të Botërore (në këtë grup përfshihet dhe familja ime), sidomos pas prishjes së marrëdhënieve të Jugosllavisë së Titos me bllokun komunist të kryesuar nga Bashkimi Sovjetik, pjesë e të cilit ishte dhe Shqipëria. Këtyre familjeve të ardhura nga Mali i Zi nuk iu imponua ndërrimi i emrave dhe mbiemrave sllavë, por duke qenë në një numër relativisht të vogël dhe të shpërndara në qytetet kryesore të Shqipërisë, patën shumë vështirësi në ruatjen e gjuhës dhe zakoneve malazeze, dhe sidomos brezi i dytë që u arsimuan në gjuhën shqipe. Gjithësesi këto familje i ruajtën lidhjet me njëra-tjetrën dhe jemi ndjerë gjithmonë krenarë për origjinën tonë malazeze. Në vitin 2018, bashkë me disa trashëgimtarë të këtyre familjeve të vendosura në qytetet Tiranë, Elbasan dhe Durrës krijuam shoqatën "Komuniteti malazez në Shqipëri", një nga qëllimet e të cilës është njohja, hulumtimi, studimi dhe mbrojtja e kulturës, gjuhës dhe traditave të minoritetit malazez që jeton në Republikën e Shqipërisë.

**Gazeta maqedonase "Ilinden": Cilat janë problemet kryesore me të cilat përballen minoritetet momentalish në Republikën e Shqipërisë?**

Minoritetet në Republikën e Shqipërisë por dhe në vendet e tjera të Ballkanit Perëndimor aktualisht përballen me një sërë problemesh, ku problemi kryesor sipas mendimit tim në këtë fazë është mungesa e transparencës dhe vonesa e pashpjegueshme në zbatimin e detyrimeve që kanë qeveritë e këtyre vendeve në kuadër të ligjit për mbrojtjen e pakicave kombëtare. Nga njëra anë ndërsa Këshilli i Evropës ka theksuar vazhdimisht se respektimi i të drejtave të personave që u përkasin minoriteteve janë çështje kyç në të gjitha shtete që aspirojnë të bëhen anëtarë të BE-së, nga ana tjetër nuk ekziston asnjë institucion në nivel evropian për të monitoruar dhe raportuar përparimin e bërë nga çdo shtet aspirues. Pra i gjithë ky proces më shumë është parë si një nga detyrimet për t'u bërë pjesë e Bashkimit Evropian. Konkretisht në Shqipëri, Ligji i ri për Mbrojtjen e Pakicave Kombëtare (96/2017) është aprovuar në tetor të vitit 2017 dhe të themi të drejtën solli një risi në proçesin e mbrojtjes së të drejtave të minoriteteve në kuadër të një kornize ligjore që nuk ka ekzistuar më parë. Por edhe sot e kësaj dite, kur jemi në fund të vitit 2021 ende nuk është krijuar Komiteti i ri, në të cilin çdo minoritet do ketë përfaqësuesin e vet. Një problem tjetër është dhe mungesa e ambjenteve dhe strukturave në institucionet

shtetërore të cilat janë të domosdoshme dhe duhet të vihen në dispozicion të përfaqësuesve të minoriteteve. Gjithashtu, politizimi i procesit të regjistrimit të popullsisë solli në një rezultat problematik dhe jo real në Censusin e vitit 2011. Shpresojnë që Regjistrimi i ri i popullsisë i vitit 2022 të jetë sa më transparent dhe numri real i popullsisë së pakicave kombëtare sa më afër të vërtetës. Një problem i rëndësishëm që kam vënë re në Shqipëri është dhe konkurenca e tepërt dhe aspak e nevojshme brenda vetë minoriteteve, duke çuar në krijimin e shumë shoqatave, gjë e cila dobëson një përfaqësim dinjitoz që duhet të ketë çdo minoritet për mbrojtjen e të drejtave të veta.

**Gazeta maqedonase “Ilinden”: A keni bashkëpunim me minoritetet e tjera në Republikën e Shqipërisë?**

Në këto gati 4 vite të ekzistencës të shoqatës tonë “Komuniteti malazez në Shqipëri”, në kuadër të aktiviteteve apo takimeve që kemi zhvilluar kemi kontaktuar por dhe kemi bashkëpunuar me përfaqësues të shoqata të tjera të minoriteteve përkatëse. Sigurisht që një bashkëpunim të ngushtë kemi pasur me përfaqësuesit e minoritetit maqedonas dhe sidomos me shoqatën “Ilinden”.Por, gjithësesi mendoj se krijimi i Komitetit të ri do t’i sjellë më afër përfaqësuesit e minoriteteve dhe sigurisht që edhe bashkëpunimi në kuadër të aktiviteteve kulturore, artistike, sportive etj do të jetë më i ngushtë. Si shoqatë ne jemi të hapur të shtrijmë dorën e bashkëpunimit me çdo shoqatë minoritare që ka një program serioz në kuadër të ligjit për pakicat kombëtare, larg interesave politike apo vetjake.

**Gazeta maqedonase “Ilinden”: Në emër të Gazeta maqedonase “Ilinden”, ju falënderoj për bisedën, për bashkëpunimin dhe ju uroj suksese personale dhe profesionale.**

Gjithashtu ju falenderoj dhe unë në emër të shoqatës ZCGA për intervistën por edhe për mbështetjen që na keni dhënë duke pasqyruar në kohë reale të gjitha aktivitetet dhe takimet që kemi organizuar gjatë këtyre viteve!

**Gazeta maqedonase “Ilinden” Kryeredaktor: Nikolla Gjurgjaj**

## МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО АЛБАНИЈА СЕКОГАШ БИЛО НАДАРЕНО СО ПОЕТСКА ДАРБА. ОВОЈ ПАТ ЈА ПРЕНЕСУВАМЕ ПЕСНАТА „МАКЕДОНИЈА“ НАПИШАНА ОД АНТОНИО ЦЕЛИЛИ, ЕЛБАСАН

МАКЕДОНИЈА
Дали можеш да се наречеш човек
Без твојот народ
Дали можеш да се наречеш поет
Ако твојата поезија не е посветена
За твојата земја
Дали можеш да се наречеш борец
Ако никогаш не си се борел за неа
Кажими ти човеку
Дали можеш да се наречеш таков
Без твојата татковина
Јас и пишувам на мојата татковина
И пишувам на Македонија
На големата Македонија
Му пишувам на нејзиното сонце
Што Господ го благословил
Му пишувам на нејзиното знаме
Што величествено се вее
Македонија
Ова божествено име
Име кое никој не може да го смени
Име бесмртно
Со векови ќе живее

Големата Македонија
За тоа што војните ги помина
И никогаш не се одкажа
Непријателите немаат место
Во нашата Македонија
Ке пишувам за тебе Македонијо
За тебе и за твоите херои
За големиот Александар
Што се бореше за тебе Македонијо
За големата Македонија
За тоа што си една и единствена
Бессмртна Македонија
Твоето име може да го изговори и немиот
Можат да го слушаат и глувите
Твоето божествено име
Македонија
За тебе ќе пишувам
Додека прстите да ми ослабеат
Додека животот ме победи
Никој не може да те победи
Македонијо
За тоа што
Ти си била,си и ке останеш
Голема Македонија

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво "Илинден"-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола ЃУРЃАЈ
Лектура: Естела КАРАМЕШИНОСКА
Компјутерска обработка: Анита МИЛЕВСКА
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник "Илинден" и Македонско друштво "Илинден"-Тирана,
Адреса: Rruga "Mihal Grameno" Nr. 183, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник "Илинден" - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**



Црква „Св. Јован Канео“ - Охрид